Врз основа Член 10 од Законот за вршење на сметководствени работи (Службен весник на РМ бр.95/12, 188/13, 27/14, 154/15, 192/15. 23/16 и 190/16) и член 31 став 14 и став 25 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на РМ, Управниот Одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на РМ, по **предлог** на работната група го даде следниов:

# П Р А В И Л Н И К ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ КРИТЕРИУМИ

# ПРИ УТВРДУВАЊЕ НА МИНИМАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА ВРШЕЊЕ КНИГОВОДСТВЕНИ РАБОТИ

# И НАДОМЕСТОК ЗА СМЕТКОВОДСТВЕНИ УСЛУГИ

**Член 1**

Правилникот за утврдување на основните критериуми како насока за утврдување на висина на минималните трошоци за вршење на книговодствени и сметководствени работи ги регулира видот на услугата и надоместокот кој е предвиден за истата, а кој го обврзува давателот на услугата (трговец поединец - сметководител, трговец поединец -овластен сметководител и друштво за вршење на сметководствени работи) и корисникот на услугата.

**Член 2**

Утврдените основните критериуми како насока за утврдување на висина на минимални месечни трошоци за вршење на книговодствени работи се определуваат врз основа на кумулативно исполнување на следните пропишани законски и договорни работни задачи и тоа:

**1.** Изработка на годишна сметка и/или финансиски извештаи

**2.** Пресметка на данок на додадена вредност

**3.** Пресметка на данок на добивка или персонален данок на доход

**4.** Пресметка на останати јавни давачки

**5.** Пресметка на плати (составување на МПИН) до пет вработени

**6.** Контирање (книговодствено евидентирање) и составување на налози за книжење

**7.** Контирање и книговодствено евидентирање на деловни настани од денарски банкови изводи до две банки

**8.** Контирање и книговодствено евидентирање на деловни настани од девизни банкови изводи до една банка

**9.** Водење на главна книга (синтетика)

**10.** Водење на помошни книги (аналитика)

**11.** Водење на аналитика на купувачи и добавувачи

**12.** Водење на аналитика на дадена и примена позајмица

**13.** Водење на аналитика на краткорочни и долгорочни кредите од земјата и странство

**14.** Финансиско евидентирање на прием калкулации и/или влезни/ излезни фактури од 1 до 10

**15.** Слагање на финансиски картици со најмногу два партнера месечно

**16.** Слагање на финансовата со материјалната евиденција што ја води клиентот
**17.** Печатење на спецификација од аналитичка евиденција еднаш месечно
**18.** Принтање и изработка на компензации со најмногу два партнера месечно
**19.** Изготвување и обработка на налози за книжење во хартиена односно електронска форма со примена на програми за книговодсвени услуги
**20.** Доколку книговодсвената евиденанција на деловните настани се врши во електронска форма со примена на посебни програмски системи за книговотствена евиденција задолжително треба да се изврши пренос на книговотствените налози во електронска во хартиена форма.
**21.** Чување на доверената тековна документација до предавање на годишнта пресметка

## Член 3

Утврдените основните критериуми како насока за утврдување на висина на минимални месечни трошоци за вршење на книговодствени работи се определуваат врз основа на кумулативно исполнување на пропишани законски и договорни работни задачи наведени во чл.1 од Правилникот врз основа на остварениот годишен вкупен деловен приход на корисниците на услугите. Финансиските приходи не се земени во предвид при утврдување на овој критериум.

**1.** Кај профитните субјекти се зема во предвид податокот кој се искажува на АОП 201 од Билансот на успех без финансиските приходи кои се искажуваат на АОП 223 ;

**2.** Кај вршителите на самостојна дејност се зема во предвид приходите од самостојна дејност, член 28 од Законот за персонален данок од доход, приходите од вршење на професионални и други интелектуални услуги, приходи од земјоделска дејност и други дејности, приходите од стопанска дејност, услужна, трговска, угостителска, превозничка и др. слични дејности;

**3.** Кај непрофитните организации се зема во предвид приходот според член 13 од Законот за непрофитните организации (модифицирано настанување на деловните трансакции) и признавањето на приходите кои се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале според критериумот на мерливост и расположивост.

**4.** За субјектите корисници на книговодствени односно сметководствени услуги кои подолг временски период се во процес на инвестицирање и немаат остварени приходи приоритетни при определување на надоместок за вршење книговодствени и/или сметководствени услуги, ќе треба да се имаат во предвид останатите критериуми, при што треба да преовладува критериумот на влезни трошоци и износот на годишната инвестиција.

**5.** За субјектите корисници на книговодствени односно сметководствени услуги кои подолг временски период се во процес на инвестицирање и немаат остварени приходи ќе треба да се имаат во предвид останатите критериуми, при што треба да преовладува критериумот на влезни трошоци и износот на годишната инвестиција.

**6.** Сите кумулативните критериуми се земени во предвид за деловната 2017 година со можна отстапка од 10% +/-.

**7.** Доколу утврдениот месечен надоместокот согласно овој правилник во пресметковната година значително отсатапуваат од остварениот деловен приход наведен во чл.3 став 1,2 и 3 , давателот на

услугата по извршеното усогласување доставува задолжение/ одобрение кон клиентот – корисник на услугите.

**Член 4**

Утврдувањето на основните критериуми како насока за утврдување на висина на висина на минималните трошоци за вршење на книговодствени и сметководствени работи се пресметува согласно кумулативното исполнување на чл.2 и чл.3 од овој правилник согласно **исплатената просечна бруто плата по работник (ИПБПР)** од претходната година и тоа по следниве критериуми:

1. За корисник на услуга со остварен годишен приход од работењето од 1,00 ден. до 400.000,00 денари **.......................................6 % од ИПБПР.**

2. За корисници на услуги кои не се регистрирани ддв обврзници/микро субјекти/вршители на дејност и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 400.001,00 ден.до 1.000.000,00 денари**......................................10 % од ИПБПР.**

3. За корисници на услуги кои се регистрирани ддв обврзници /микро субјекти/вршители на дејност и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 400.001,00 ден.до 1.000.000,00 денари………........................13 **% од ИПБПР.**

4. За корисници на услуги кои не се регистрирани ддв обврзници(без право на одбивка) микро субјекти/вршители на дејност и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 1.000.001,00 до 3.000.000,00 денари..12 **% од ИПБПР.**

5. За корисници на услуги кои се регистрирани ддв обврзници /микро субјекти/вршители на дејност и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 1.000.001,00 до 3.000.000,00 денари……..........................................**15 % од ИПБПР.**

6. За корисници на услуги кои не се регистрирани ддв обврзници (без право на одбивка) микро/мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 3.000.001,00 до 6.000.000,00 денари....……..............**16 % од ИПБПР.**

**7.** За корисници на услуги кои се регистрирани ддв обврзници микро/мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 3.000.001,00 до 6.000.000,00 денари………....................................**21 % од ИПБПР.**

**8.** За корисници на услуги /мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 6.000,001,00 до 10.000.000,00 денари..………......**26 % од ИПБПР.**

**9.** За корисници на услуги /мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 10.000.001,00 до 15.000.000,00 денари……..**32 % од ИПБПР.**

**10.** За корисници на услуги /мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 15.000.001,00 до 20.000.000,00 денари……..**37 % од ИПБПР.**

**11.** За корисници на услуги /мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 20.000.001,00 до 25.000.000,00 денари……...**43 % од ИПБПР.**
**12.** За корисници на услуги /мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 25.000.001,00 до 50.000.000,00 денари………**49 % од ИПБПР.**
**13.** За корисници на услуги /мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 50.000.001,00 до 100.000.000,00 денари……..**75 % од ИПБПР.**
**14.** За корисници на услуги /мали субјекти/ и непрофитни организации со остварен годишен приход од работењето од 100.000.001,00 до 200.000.000,00 денари……**131 % од ИПБПР.**
**15.** За корисници на услуги /мали и средни субјекти/ со остварен годишен деловен приход од работењето над 200.000.001,00 денари……………..............................**187 % од ИПБПР.**
**16.** Надоместокот за изготвување на годишна сметка и финансиски извешати за сите клиенти ќе изнесува дополнително колку една минимална месечна надокнада наведена во меѓусебниот договор.
**17.** Изготвување годишна пресметка за клиенти кои се неактивни ……….**..27 % од ИПБПР.**
**18.** Консултантски услуги од областа на сметков. и финансиите за 1 час…**..8 % од ИПБПР.**
**19.** Писмено мислење и консалтинг од областа на сметк. и финан.за 1 час **..19 % од ИПБПР.**

**Член 5**

За корисниците на книговодствени или сметководствени услуги кои не исполнуваат повеќе од 50% од пропишани законски и договорни работни задачи наведени во ч.2 од овој правилник утврдувањето на висина на минималниот надомест на трошоци за вршење на книговодствени и сметководствени работи се утврдува договорно со давателот на услугата. Утврдениот (договорениот) износ несмее да биде испод минималниот надомест на месечни трошоци за книговодствени услуги од категоријата што предходи според висината на прометот. **Но утврденит износ да не биде помал од износ со кој корисникот на книговодствени односно сметководствени услуги би преминал под претходниот критериум.**

**Член 6**

Определените надоместоци како основните критериуми и насока за утврдување на висина на минимални месечни трошоци за вршење на книговодствени работи не се однесуваат на корисниците на услуги кои се обврзници на паушално определен приход.

**Член 7**

Утврдените основните критериуми како насока за утврдување на висина на износите на трошоците и надоместоците за вршење на книговодствени и сметководствени работи наведени во член 4 од овој **Правилник** се без пресметан ДДВ.

**Член 8**

Сите постоечки и нови договори за врешење книговодствени и сметководствени работи потребно е да се усогласени со член 4 од овој **Правилник,** од ова исклучок е кога помеѓу давателот и примателот на услугата веќе има потпишано договор со прибирање на понуди и јавни набавки. По истекот на рокот на вака склучениот договор, за учество на нови тендери мора да се применува член 4 од овој **Правилник.**

**Член 9**

Согласно законот за работни односи и правото за потпишување на годишната завршна пресметка предлагаме да се следе дека:

Сметководител или овластен сметководител вработен во обврзникот за водење на сметководство може да пополни, поднесе и потпише една годишна пресметка на обврзникот каде што е вработен на полно работно време од 40 часа неделно,

Да поднесе и потпише две годишни пресметки на обврзници каде што е вработен на скратено работно време од по 20 часа неделно или

Да поднесе и потпише три годишни пресметки на обврзници каде што е вработен на скратено работно време од по 20 часа неделно плус 10 часа допонително во третиот обврзник, значи вработениот сметководител или овластен сметководител како вработен смее да пополни, поднесе и потпише најмногу три годишни сметки.

**Член 10**

Сметководител или овластен сметководител вработен на полно работно време во трговец поединец-сметководител, трговец поединец- овластен сметководител или Друштво за вршење на сметководствени работи, а согласно Лиценцата за работа добиена од ИСОС, може да пополни, поднесе и потпише годишни сметки за сите обврзници со кои склучиле договор за вршење на сметководствени работи.

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила, јули 2017 година.

Управен Одбор на ИСОС